У-6 бр.620/2025

УПРАВНИОТ СУД во совет составен од судиите: м-р Дитурије Елези Незири - претседател на советот, Ана Герасимовска и Даниела Антовска - членови на советот, со записничар Ивона Крстевска - судски советник, решавајќи по тужбата на тужителот Агенција за цивилно воздухопловство на Република Северна Македонија, поднесена преку полномошник Адвокатско друштво Лазов Бадева Адвокати Скопје, против Решение на Агенција за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер бр.08-260 од 28.07.2025 година, за пристап до информации од јавен карактер, на нејавна седница на советот одржана на ден 16.09.2025 година, согласно член 38 став 1 точка 3 од Законот за управните спорови, го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е

Тужбата на тужителот Агенција за цивилно воздухопловство на Република Северна Македонија, поднесена против Решението на Агенција за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер бр.08-260 од 28.07.2025 година, СЕ ОТФРЛА КАКО НЕДОЗВОЛЕНА.

## О б р а з л о ж е н и е

Тужителот Агенција за цивилно воздухопловство на Република Северна Македонија, пред Управниот суд поднесе тужба за управен спор, против Решение на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер бр.08-260 од 28.07.2025 година, со кое под точка еден жалбата изјавена од Д.К. од Скопје, поднесена против Агенција за цивилно воздухопловство на Република Северна Македонија, заведена во Агенцијата под бр.08-260 на 10.07.2025 година по предметот Барање за пристап од информации од јавен карактер се уважува. Под точка два, решението на имателот на информации бр.03-732/5 од 30.06.2025 година се поништува. Под точка три, се наложува на Имателот на информации да му овозможи на Барателот делумен пристап до бараната информација. Под точка четири, имателот на информации е должен да го спроведе Решението во рок од 15 дена од денот на неговиот прием и за истото да ја извести Агенцијата.

Незадоволен од вака донесеното решение тужителот со тужба поведе управен спор, поради суштествени повреди на правилата на постапката, погрешна примена на материјалното право и погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба. Во тужбата е наведено дека со оспореното решение му се наложува извршување на обврска, која е спротивна на одредбите на Законот за класифицирани информации, и кое е противправно и директно се засега во неговите законски обврски за чување на доверливоста на податоците со кои располага, и воедно и правни интереси за зачувување од слободен пристап на актите со кои се регулираат правата, обврските и овластувањата на вработените кое изнесување во јавност може да влијае на работењето на Агенцијата. Имено, лицето Д.К., адвокат од Скопје поднел Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер или пристап до Правилникот за систематизација на работни места во Агенцијата за цивилно воздухопловство, кое тужителот го одбил со решение бр.03-732/2 од 19.05.2025 година, од причина што Согласно со Статутот на сега тужителот, актот за Систематизација на работните места е дел од информациите кои се за ограничена употреба и за кои не е дозволен слободен пристап. Понатаму, лицето Д.К., незадоволен од донесеното решение, поднел Жалба која со решение донесено од тужениот орган Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер бр.08-260 од 13.06.2025 година, била уважена и предметот бил вратен на повторно одлучување. Оттука, тужителот постапил по укажувањата на тужениот орган и спровел Тест за штетност, кој бил составен дел на донесеното решение бр.03-732/5 од

30.06.2025 година, за кое Барањето за слободен пристап било одбиено со фактот дека доставувањето на бараниот акт е незаконито и спротивно на одредбите на Законот за воздухопловство и Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер. Понатаму на вака донесеното Решение, повторно е поднесена Жалба од страна на физичкото лице Д.К. со арх. број 08-260, за да биде донесен Одговор на жалба бр.03-732/6 од 16.07.2025 година по електронска комуникација. Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, ја разгледало жалбата поднесена од физичкото лице и истата ја уважило и воедно Решението на Агенцијата за воздухопловство на РСМ го поништи и ја задолжило Агенцијата во рок од 15 дена од денот на доставување на Решението да му овозможи делумен пристап до бараните информации.

Управниот суд, го испита оспореното решение во границите на тужбеното барање во смисла на член 35 од Законот за управните спорови, па по оценка на тужбените наводи и списите на предметот најде:

Тужбата е недозволена.

Од списите на предметот, тужителот Агенција за цивилно воздухопловство на Република Северна Македонија како имател на информации, постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер на барателот од Скопје, со кое е побарано да се достави по е-маил електронски запис од следната информација од јавен карактер: "Правилник за систематизација на работните места на Агенцијата за цивилно воздухопловство, која е во сила, со сите измени и дополнувања на Правилникот за систематизација на работните места на Агенцијата за цивилно воздухопловство", постапил и доставил Решение бр.03-732/2 од 19.05.2025 година, со кое Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер го одбил, поради што Барателот на информацијата, во законски предвидениот рок поднел жалба заведена во Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер под арх.бр.08-260 на 30.05.2025 година.

Постапувајќи по поднесената жалба Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер го донела Решение број 08-260 од 13.06.2025 година, со кое истата ја уважила, и Решението на Имателот го поништила и предметот го вратила на повторно постапување. Имателот на информации, постапувајќи по Решението на Агенцијата, доставил до Барателот на информации Решение бр.03-732/5 од 30.06.2025 година со кое Барањето на Барателот на информации се одбива и притоа во истото навел дека изготвил нов Тест на штетност, во кој детално ќе бидат образложени причините за својата донесена одлука.

Незадоволен од Решението донесено од Имателот на информациите, Барателот поднел Жалба број 08-260 на 10.07.2025 година, каде истиот навел дека Имателот на информациите не постапил согласно со укажувањата и донел идентична одлука, без измена во образложението, со дополнително спроведен и доставен Тест на штетност бр.03-372/4 од 30.06.2025 година.

Поднесената жалба, Агенцијата со електронски допис бр.08-260 од 11.07.2025 година ја препратила до Имателот на информации и во рокот од 7 дена, Имателот на информациите до Агенцијата, доставил Одговор на жалба бр.03-732/6 од 16.07.2025 година, со кој останал кон оспореното решение и доставил списи во врска со предметот.

Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, по разгледување на жалбата го донела оспореното решение бр.08-260 од

28.07.2025 година, со кое под точка еден жалбата изјавена од Дарко Костовски од Скопје, поднесена против Агенција за цивилно воздухопловство на Република Северна Македонија, заведена во Агенцијата под бр.08-260 на 30.05.2025 година по предметот Барање за пристап од информации од јавен карактер се уважува и предметот се враќа на повторно постапување пред првостепениот орган. Под точка два Решението на Имателот на информации бр.03-732/2 од 19.05.2025 година се поништува. Под точка три, имателот на информации е должен да го спроведе Решението во рок од 15 дена од денот на неговиот прием и за истото да ја извести Агенцијата.

Согласно член 3 став 1 од Законот за управните спорови („Службен весник на Република Северна Македонија"бр.96/2019), во управен спор судот одлучува за законитоста на конечните поединечни управни акти кои директно влијаат на правниот статус на тужителот, односно со кои се решава за правата, обврските и правните интереси на тужителот.

Согласно член 20 од Законот за управните спорови, тужител е физичко или правно лице кое смета дека му е повредено право или правен интерес со конечен управен акт донесен во управна постапка, или во прекршочна постапка, како и со непостапување на јавен орган во законски утврдениот рок.

Согласно член 21 став 1 од Законот за управните спорови, државен орган, подружница или друга деловна единица на трговско друштво здружение или заедница на граѓани, кои немаат својство на правно лице, може да поведат управен спор доколку се носители на права и обврски за кои се одлучува во управна постапка.

Согласно член 32 став 1 точка 2 од Законот за управните спорови, Судот ќе ја отфрли тужбата со решение, доколку не се исполнети условите за водење на управен спор, односно доколку утврди дека оспорениот акт, дејствие или управен договор не засега некое право или правен интерес на тужителот. Според став 2 на истиот член, од причините од ставот (1) на овој член, судот ќе ја отфрли тужбата во секој стадиум на постапката.

Согласно член 38 став 1 точка 3 од Законот за управните спорови, Судот по исклучок од одредбите од член 37 од овој закон одлучува по управниот спор без да одржи расправа само кога судот одлучува со решение, освен во случаите за времена мерка.

Од увидот во тужбата и решението на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер бр.08-260 од 28.07.2025 година, судот најде дека сега тужителот Агенција за цивилно воздухопловство на Република Северна Македонија, не бил странка во управната постапка за чии права и интереси се одлучувало, туку бил орган кој како имател на информации од јавен карактер бил должен да постапи по Барањето на Барателот согласно одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Во конкретниот случај, првостепената управна постапка, била поведена со Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер поднесено од Барателот – Д.К. од Скопје до сега тужителот како Имател на информации, а во својство на првостепен орган. Во оваа управна постапка се одлучувало за правата на интересите на Барателот истакнати во барањето, а не за права и интереси на органот кој одлучувал по поднесеното барање. Тужителот Агенција за цивилно воздухопловство на Република Северна Македонија, во првостепената управна постапка како имател на информации имал процесна положба на првостепен управен орган, кој одлучувал за правата и интересите на барателот на информацијата, така

што, за истата правна работа не може истовремено да има положба на странка и да биде тужител во управен спор каде судот одлучува за законитоста на конечните поединечни управни акти кои директно влијаат на правниот статус на тужителот, односно со кои се решава за правата, обврските и правните интереси на тужителот.

Имено, согласно член 20 од Законот за управните спорови, како тужител во управен спор може да биде само физичко и правно лице кое било странка или заинтересирано лице во управната постапка како лице на кое конечниот управен акт има влијание врз неговите права или правни интереси. Оваа дефиниција во целост ја исклучува можноста како тужител да се јави јавниот орган што ја водел управната постапка во која против управниот акт може да се изјави жалба до второстепениот орган. Во таа насока е и судската пракса изразена во решението на Врховниот суд У.бр.1613/91 од 14.05.1992 година, каде е направена јасна дистинкција помеѓу надлежност на јавен орган и право или правен интерес на јавниот орган со што тој не го препознава како тужител во управен спор против одлука на второстепен орган кој одлучувал по жалба против управен акт или недонесување управен акт во управната постапка што истиот ја водел во прв степен. Оттука, бараната информација која била предмет на првостепената постапка, произлегува од надлежноста на првостепениот орган - сега тужителот, односно е во рамките на неговиот делокруг на работа, а не како носител на права и интереси во правна работа која е надвор од неговата надлежност, за чија заштита би одлучувал друг јавен орган во рамките на својата надлежност, што е во исполнување на членот 21 од Законот за управните спорови, со која одредба се укажува на важноста на обезбедување на управно-судска заштита на правата и правните интереси на сите субјекти вклучително и на јавните органи, на кои во управната постапка тие им биле непризнаени, ограничени или одземени.

Од вака утврденото, согласно горе цитираните законски одредби, Судот смета дека првостепениот орган не може да поведе управен спор против решение на второстепениот орган - Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, кој орган одлучувал по поднесената жалба на барателот против првостепениот орган.

Од погоре наведеното, судот оцени дека во овој случај тужителот нема активна легитимација за водење на управен спор, поради што следуваше согласно член 32 став 1 точка 2 од Законот за управните спорови, да се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Решено во Управен суд, на 16.09.2025 година, под У-6.бр.620/2025.

Записничар - судски советник
Ивона Крстевска

Претседател на совет - Судија
m-r Diturije Elezi Neziri

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение дозволена е жалба во рок од 15 дена од приемот на истото, преку овој суд до Виш управен суд.

Решението да се достави на:
- тужител, преку полномошник-
- тужен орган,

Претседател на совет - Судија
m-r Diturije Elezi Neziri

Согласноста со изворникот ја потврдува
Судски службеник

АП/